## АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ОТВОРЕНО ВЛАДИНО ПАРТНЕРСТВО 2014-2016

Република Македонија пристапи кон глобалната Инцијатива за Отворено владино партнерство во 2011 година, а сите земји кои се приклучија кон оваа инцијатива беа должни да достават Акциски планови за спроведување на мерките од Инцијативата. Владата на Република Македонија го усвои Акцискиот план за отворено Владино партнерство на 01.06.2012 година со што стана полноправна членка. Во Република Македонија беа развиени голем број активности за подобрување на ефикасноста во работењето на државните институции, зголемување на транспарентноста и пристапот до информации, борбата против корупцијата и обезбедување на висок квалитет на јавните услуги за граѓаните и бизнисите преку искористување на моќта на технологијата и иновациите. Со приклучување кон Отвореното владино партнерство ОВП, Владата на РМ се обврзува да се изгради на темелите на отворени, транспарентни, сигурни и ефикасни владини институции кои комуницираат и соработуваат со граѓаните.

<table>
<tr><th colspan="6">1. Партиципативно креирање на политики</th></tr>
<tr><td colspan="2">Надлежна институција</td><td colspan="4">Министерство за информатичко општество и администрација<br>Генерален Секретаријат</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Други вклучени</td><td>Институции</td><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td>Граѓанско општество, приватен сектор</td><td colspan="4">Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС), Центар за истражување и креирање политики (ЦИКП), Центар за управување со промени (ЦУП), ЕКО-СВЕСТ, Институт за развој на заедницата (ИРЗ), ИРЕС,Биосфера - Битола, Бујрум – Тетово, Центар за рурален развој – Куманово, Центар за европски развој и интеграција – Битола (ЦЕРИ), Институт за економски стратегии и меѓународни односи Охрид, Скопје</td></tr>
<tr><td colspan="2">Status quo или проблем/прашање кое треба да се адресира</td><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td colspan="2">Главна цел</td><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td colspan="2">На која од главните цели на ОВП овој приоритет и припаѓа</td><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td colspan="2" rowspan="2">Релевантно е за:</td><td>Транспарентност</td><td>Отчетност</td><td colspan="2">Учество на јавноста</td></tr>
<tr><td>✔</td><td>✔</td><td colspan="2">✔</td></tr>
<tr><td colspan="3">Проверливи и мерливи мерки за исполнување на целта</td><td>Нова или</td><td>Почеток на</td><td>Крај на</td></tr>
</table>

| | постојна заложба | активноста | активноста |
|---|---|---|---|
| 1. Усовршување на порталот ЕНЕР и оптимизација на процесот на консултација со јавноста (Министерство за информатичко општество и администрација)<br>a. Намалување на бараните информации за регистрација на јавен корисник<br>b. Фузирање на постојните четири типа на корисници од јавниот сектор во еден тип на корисник кој ќе го носи називот јавен корисник<br>c. Автоматска објава на коментар од јавен корисник по истек на системски конфигуриран период кој започнува да тече од моментот на поднесување на коментарот<br>d. Категоризирање на предлог прописите според категориите од Регистарот на Службен Весник на РМ<br>e. Воведување на нови линкови (новости – автоматско објавување на известувањето за почеток на процес на подготовка на закон, најави за јавни расправи за нацрт закони и планови за ПВР )<br>f. Промотивна кампања за ЕНЕР насочена кон неколку целни групи (приватен сектор, невладин сектор, граѓани, академска заедница, комори и здруженија ) | ПОСТОЈНА | Септември 2014 | Септември 2015 |
| 2. Зајакнување на правилата за работа и користење на ЕНЕР (Министерство за информатичко општество и администрација)<br>a. Донесување на Упатство за администрирање и користење на ЕНЕР-Целта на ова Упатство е да се поставaт јасни инструкции и редослед на преземање на чекори во ЕНЕР од страна на владините корисници и администраторите на ЕНЕР во МИОА, кои нема да бидат од технички карактер<br>b. воспоставување на Правила и услови за користење на ЕНЕР, примарно наменети за јавните корисници | ПОСТОЈНА | Септември 2014 | Септември 2015 |
| 3. Објавување на резултати за користење на ЕНЕР-„Огледало на Владата“– (Македонски центар за меѓународна соработка -МЦМС)<br>a. Неделни прегледи - информирање на јавноста за поставени предлог закони на ЕНЕР.<br>b. Месечни прегледи – преглед на бројот на предлог закони отворени на ЕНЕР кои се утврдени на седница на Влада, просечен број на денови за консултации по министерства, просек за сите предлог закони и број на отстапки од законскиот минимум од 10 дена за консултации на текстот на предлог закон на ЕНЕР. | НОВА | Јануари 2014 | Април 2016 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| c. Квартални и годишни извештаи - анализа на практиките на министерствата во објавувањето, ажурурањето и почитување на рокови за предлог-законите објавени на ЕНЕР, како и давањето повратни одговори на јавноста. | | | |
| 4. Следење на отвореност на Владини институции во процесите на креирање политики и подготовка на закони „ Огледало на Владата: учество на јавноста во процесите на подготовка на закони “– (Македонски центар за меѓународна соработка -МЦМС)<br>Годишен извештај „Огледало на Владата: учество на јавноста во процесите на подготовка на закони“ – оценка на<br>a. Комуникациска средина креирана од органите на државната управа за учество на граѓанското општество во активностите на органот<br>b. Поддржувачка средина за учество на граѓанското општество, креирана од страна на органите на државната управа како предлагачи на акти, односно предлог-закони;<br>c. Отвореноста на процесот на подготовка на конкретни предлог закони. | НОВА | Јануари 2014 | Април 2016 |
| 5. Градење на капацитетите на граѓанските организации за мониторинг на спроведувањето на политиките – (Центар за истражување и креирање политики -ЦИКП) | НОВА | Декември 2015 | Декември 2016 |
| 6. Подигнување на свеста за придобивките од отворено владино партнерство:<br>a. зајакнување на јавно приватниот дијалог за креирањето на мерките за ОВП<br>b. градење на капацитети за поголемо учество на граѓанските организации во спроведување на мерките од ОВП- (Центар за истражување и креирање политики - ЦИКП) | НОВА | Декември 2015 | Декември 2016 |
| 7. Поголема јавна свест и користење на партиципативното креирање на политики преку интернет порталот е-демократија од страна на институциите, фирмите, коморите, граѓанското општество и граѓаните (Министерство за информатичко општество и администрација)<br>a. промовирана можност за поднесување на идеи на порталот е-демократија<br>b. следење на состојбата на искористеноста на можностите на порталот е-демократија | НОВА | континуирано | континуирано |
| 8. Формирање на советодавно тело за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор составен од претставници на Владата, органите на државна управа и граѓански организации – (Генерален Секретаријат) | НОВА | 2015 | континуирано |
| 9. Унапредена примена на Кодексот за добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политики (Генерален Секретаријат во соработка со Центар за | НОВА | 2015 | континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| истражување и креирање политики -ЦИКП)<br>- Објавување на анализа за користење на Кодексот за добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики како алатка за соработка меѓу Владата и НВО<br>-Објава на Повик за придонес во подготвувањето на Годишната Програма за работа на Влада на Република Македонија на ЕНЕР | | | |
| 10. Имплементација на мерките од Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2012-2017) и навремено ажурирање на веб страницата на Одделението за соработка со невладини организации: www.nvosorabotka.gov.mk – (Генерален Секретаријат) | ПОСТОЈНА | | континуирано |

| **2. Отворени податоци** | | |
|---|---|---|
| Надлежна институција | | Министерство за информатичко општество и администрација |
| Други вклучени | Институции | |
| | Граѓанско општество, приватен сектор | |
| Status quo или проблем/прашање кое треба да се адресира | | Како резултат на првиот Акциски план за отворено владино партнерство во февруари 2014 година беше донесен Законот за користење на податоците од јавниот сектор. Во периодот опфатен со вториот Акциски план 2014-2016 година треба да се постигнат целите од спроведувањето на Законот и видливи резултати со развиени апликации, услуги и содржини од отворените податоци. |
| Главна цел | | Целта е со користењето на податоците од јавниот сектор да се поттикне:<br>- Иновации и создавање нови информации, содржини и апликации преку комбинирање или вкрстување на податоците;<br>- создавање нови услуги, креирање на работни места и социјална вклученост;<br>- зголемена отчетност и транспарентност на јавниот сектор;<br>- подобрување на квалитетот на податоците од јавниот сектор;<br>- развој на економијата и развој на конкуренцијата, и<br>- развој на информатичкото општество во Република Македонија. |
| На која од главните цели | | Отвореност |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| на ОВП овој приоритет и припаѓа | | | | | |
| Релевантно е за: | Транспарентност | Отчетност | Учество на јавноста | | |
| | ✔ | ✔ | ✔ | | |
| Проверливи и мерливи мерки за исполнување на целта | | Нова или постојна заложба | Почеток на активноста | Крај на активноста | |
| 1. Отворени податоци од органите и институциите од јавниот сектор согласно нивните технички можности кои ги создаваат во вршењето на своите надлежности кои ќе ги направат достапни за користење | | ПОСТОЈНА | 2014 | 2016 | |
| 2. Утврдување на техничките нормативи за форматот на податоците и начинот на објавување на истите ги утврдува Министерот за информатичко општество и администрација. | | НОВА | Мај 2014 | Јуни 2014 | |
| 3. Формирање на Централен каталог на податоците од јавниот сектор објавени за користење врз основа на каталог на податоци од органите и институциите од јавниот сектор на www.otvorenipodatoci.gov.mk | | ПОСТОЈНА | 2014 | 2016 | |
| 4. Воспоставување на датабаза за контакт лица во органите и институциите од јавниот сектор каде се определува лице задолжено за техничко прилагодување и објавување на податоците за нивно користење, нивно објавување на веб страната на органот и за обврските за ажурност на каталогот на податоци на www.otvorenipodatoci.gov.mk | | НОВА | Јули 2014 | Јули 2015 | |
| 5. Воспоставување можност за доставување барање од заинтересирани страни за нови податочни сетови за користење | | НОВА | Мај 2014 | Јули 2014 | |
| 6. Воспоставување на платформа за вкрстување на податоците (пилот 11 институции) | | НОВА | Мај 2014 | Септември 2014 | |
| 7. Обуки за спроведување на Законот за користење на податоците од јавниот сектор | | НОВА | Јули 2014 | Јули 2015 | |

| | | |
|---|---|---|
| **3. Слобода на информации** | | |
| Надлежна институција | | Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер |
| Други вклучени | Институции | 1. Сите иматели на информации (во спроведување на законските обврски)<br>2. Министерство за правда<br>3. Министерство за финансии |

<table>
<tr><td></td><td></td><td colspan="3">4. Министерство за информатичко општество и администрација</td></tr>
<tr><td></td><td>Граѓанско општество, приватен сектор</td><td colspan="3">5. Центар за граѓански комуникации<br>6. Фондација отворено општество - Македонија<br>7. Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ (ЕСЕ)<br>8. Хелсиншки комитет за човекови права на РМ</td></tr>
<tr><td colspan="2">Status quo или проблем/прашање кое треба да се адресира</td><td colspan="3">1.Ограниченост на пристапот до информации од јавен карактер:<br>• Молкот на администрацијата како причина за ограничување на пристапот до информациите од јавен карактер<br>• Неинформираност на граѓаните за правото на слободен пристап до информации од јавен карактер<br>• Недостаток на активна транспарентност–самоиницијативно објавување на информации<br>2. Недостаток на капацитети за целосна имплементација на слободниот пристап до информации од јавен карактер<br>3. Недостаток на надлежности на Комисијата</td></tr>
<tr><td colspan="2">Главна цел</td><td colspan="3">Унапредување и олеснување на пристапот до информации</td></tr>
<tr><td colspan="2">На која од главните цели на ОВП овој приоритет и припаѓа</td><td colspan="3">Слободен пристап до информации од јавен карактер</td></tr>
<tr><td colspan="2" rowspan="2">Релевантно е за:</td><td>Транспарентност</td><td>Отчетност</td><td colspan="2">Учество на јавноста</td></tr>
<tr><td>✔</td><td>✔</td><td colspan="2">✔</td></tr>
<tr><td colspan="3">Проверливи и мерливи мерки за исполнување на целта</td><td>Нова или постојна заложба</td><td>Почеток на активноста</td><td>Крај на активноста</td></tr>
<tr><td colspan="3">1. Подигање на свеста кај јавноста за правото на слободен пристап до информации од јавен карактер преку креирана и спроведена медиумска презентација и едукативна кампања<br>a. Асистирање на новинари и невладини организации во спроведување на правото на пристап www.freeinfo.mk (Здруженија на граѓани и фондации и сите иматели)<br>b. Обуки на невладини организации организирани од Фондација отворено општество - Македонија<br>c. Отворени денови за општините (Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер со општините)<br>d. Веб страница за едукација на граѓаните со конкретни примери, www.spinfo.org.mk и интернет платформата „Слободен пристап“ (http://slobodenpristap.mk/) која има за цел да помогне во процесот на барање информации од јавен карактер, поддржани од Фондацијата отворено општество – Македонија и Здружение за еманципација,</td><td>НОВА</td><td>2014<br><br>април 2014<br><br>април 2014<br><br>јуни 2014<br><br>април 2014</td><td>2016<br><br>декември 2016<br><br>декември2014<br><br>декември2014<br><br>декември2014</td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| солидарност и еднаквост на жените на РМ (ЕСЕ) - (овозможување на електронско поднесување на барања до имателите на информации и на жалби до Комисијата со отстапување на нивните портали на КЗПСПИЈК)<br>e. Едукација на граѓаните, граѓанските организации и јавните институции за правото на пристап до информации од јавен карактер и фискална транспарентност и отчетност на официјалната страница на Здружението ЕСЕ - www.esem.org.mk | | април 2014 | декември2016 |
| 2. Едукација на службените и одговорните лица кај имателите на информации (Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер) | ПОСТОЈНА | април 2014 | декември 2016 |
| 3. Изработка на нова веб локација на Комисијата (Министерство за информатичко општество и администрација) | НОВА | април 2014 | април 2015 |
| 4. Редовно објавување и ажурирање на Листа на информации кај имателите<br>a. Спроведување на законската обврска (сите иматели на информации)<br>b. Надзор врз објавувањето и ажурирањето на Листа на информации кај имателите (Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер) | ПОСТОЈНА | април 2014 | декември 2016 |
| 5. Достапност на сите информации од јавен карактер на веб локациите на имателите (Сите иматели) | НОВА | април 2014 | декември 2016 |
| 6. Унапредување на финансиските и човечките ресурси на Комисијата (Министерство за финансии, Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер и Министерство за информатичко општество и администрација) | НОВА | април 2014 | декември 2016 |
| 7. Зголемување на соработката на Комисијата со Здруженијата на граѓани и фондации и со Општините во Р.М. Преку меморандуми за соработка, (Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, Општини во Р.М. и Здруженија на граѓани и фондации) | НОВА | април 2014 | декември 2016 |
| 8. Објавување на информации за буџетска и програмска имплементација на здравствените буџети, со посебен фокус на буџетската и финансиската имплементација на превентивните програми на Министерството за здравство, добиени преку постапка за пристап до информации од јавен карактер. www.esem.org.mk (Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ (ЕСЕ) | НОВА | | |
| 9. Изменување и дополнувања на Законот за слободен пристап до информации до јавен карактер (Министерство за правда)<br>a. Доставување предлози и анализи до Министерството за правда во која насока треба да | НОВА | април 2014 | јуни 2014 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| одат предложените законски измени (до јуни 2014)<br>b. Анализа на добиените предлози и утврдување на потреба од измена и дополнување на Законот за слободен пристап до информации до јавен карактер<br>c. Отпочнување на процесот на Изменување и дополнувања на Законот за слободен пристап до информации до јавен карактер со јавни консултации (по утврдување на потребата од менување) | | јуни 2014<br><br>јануари 2015 | октомври 2014<br><br>септември 2015 |
| 10. Формирање меѓуресорска работна група за утврдување на усогласеноста на Конвенција на Советот на Европа за пристап до јавните документи и утврдување на националните законски услови за пристапување кон оваа конвенција | ПОСТОЈНА | септември 2014 | март 2015 |

| **4. Спречување на корупцијата и промовирање на принципите на добро управување** | | |
|---|---|---|
| Надлежна институција | | Државна комисија за спречување на корупцијата |
| Други вклучени | Институции | Министерство за правда<br>Сите институции |
| | Граѓанско општество, приватен сектор | 1. Единици на локална самоуправа<br>2. Граѓански организации: Центар за истражување и креирање политики - ЦИКП, Здружени на граѓани за локален и рурален развој - Тетово (ЗЛРР), Бујрум – Тетово, , Зелена сила, Центар за европски развој и интеграција – Битола (ЦЕРИ), Локална развојна агенција - Струга (ЛДА), Едукативно-хуманитарна организација - Штип (ЕХО), Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС), Коалиција - Сите за правично судење, ТИ Македонија, ИДСЦС, Институт за економски стратегии и меѓународни односи Охрид, Скопје, Институт за демократија – Социетас Цивилис (ИДСЦС)<br>3. UNDP, ОБСЕ |
| Status quo или проблем/прашање кое треба да се адресира | | 1. Системска заштита на лицата што пријавуваат корупција или друго незаконито или недозволиво постапување<br>2. Ризиците од корупција на институциите на централно и локално ниво кое влијае врз квалитетот на испораката на услуги кон граѓаните<br>3. Ризик од нецелосна примена на Законите за спречување на корупцијата и на судирот на интереси порадинепостоење на единствен Регистер на избрани и именувани лицакои имаат обврска да достават анкетен лист за имотната состојба и изјава за интереси |
| Главна цел | | 1. Подобрување на отчетноста и одговорноста на институциите преку подигната свест на јавната администрација за пријавување на незаконито или недозволиво постапување |

<table>
<tr><td></td><td colspan="4">2. Подобрување на транспарентноста, отчетноста и одговорноста на институциите на централно и локално ниво<br>3. Јакнење на капацитетите на граѓанските организации и нивна подобрена улога во следењето на работата на институциите и подобрен вкупен квалитет на испораката на услуги</td></tr>
<tr><td>На која од главните цели на ОВП овој приоритет и припаѓа</td><td colspan="4">Антикорупција и добро управување</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Релевантно е за:</td><td>Транспарентност</td><td>Отчетност</td><td colspan="2">Учество на јавноста</td></tr>
<tr><td>✔</td><td>✔</td><td colspan="2">✔</td></tr>
<tr><td colspan="2">Проверливи и мерливи мерки за исполнување на целта</td><td>Нова или постојна заложба</td><td>Почеток на активноста</td><td>Крај на активноста</td></tr>
<tr><td colspan="2">1. Донесување измени на Законот за спречување на корупцијата во насока на:<br>a. воведување на систем на интегритет во јавниот и приватниот сектор<br>b. воведување системска заштита на лицата кои пријавуваат сомневање или сознание за корупција и друго незаконито или недозволиво постапување – укажувачи (whistleblowers)</td><td>НОВА</td><td>2014</td><td>2014</td></tr>
<tr><td colspan="2">2. Спроведување на активности за подигање на свеста на јавната администрација и граѓаните за пријавување на корупција и друго незаконито и недозволиво постапување</td><td>НОВА</td><td>2014</td><td>2016</td></tr>
<tr><td colspan="2">3. Воведување на насоки на системот на интегритет и нивно натамошно пилотирање во општините и институциите на централно ниво</td><td>ПОСТОЈНА</td><td>2014</td><td>2016</td></tr>
<tr><td colspan="2">4. Дефинирање на методологија за проценка на ризици од корупција како надградба на концептот на интегритет</td><td>НОВА</td><td>2014</td><td>2015</td></tr>
<tr><td colspan="2">5. Изготвување на методологија за следење на напредокот на воведувањето на системите на интегритет (индекс за интегритет) за единиците на локалната самоуправа</td><td>НОВА</td><td>2014</td><td>2015</td></tr>
<tr><td colspan="2">6. Изготвување на методологија за следење на напредокот во воведување на системите на интегритет од страна на граѓанското општество (преку алатки за општествена одговорност)</td><td>НОВА</td><td>2014</td><td>2015</td></tr>
<tr><td colspan="2">7. Континуирано промовирање на примената на ИТ алатки за општествена одговорност во општините и други институции.</td><td>ПОСТОЈНА</td><td>2014</td><td>2016</td></tr>
<tr><td colspan="2">8. Градење на капацитетите на граѓанските организации за следење на антикоруптивни практики на локално ниво преку истражување и ЛОТОС студија</td><td>НОВА</td><td>2014</td><td>2015</td></tr>
<tr><td colspan="2">9. Дефинирање на опфатот на избраните и именуваните лица кои имаат обврска да доставаат анкетен лист за имотната состојба и изјава за интереси - подготовка на Регистар</td><td>НОВА</td><td>2015</td><td>2016</td></tr>
</table>

<table>
<tr><th colspan="6">5. Ефикасно управување со јавните ресурси (фискална транспарентност)</th></tr>
<tr><td colspan="2">Надлежна институција</td><td colspan="4">Министерство за финансии, Министерство за здравство, Секретаријат за европски прашања</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Други вклучени</td><td>Институции</td><td colspan="4">Сите институции (во консултација со Бирото за јавни набавки), Агенција за странски инвестиции</td></tr>
<tr><td>Граѓанско општество, приватен сектор</td><td colspan="4">Центар за граѓански комуникации<br>Центар за истражување и креирање политики</td></tr>
<tr><td colspan="2">Status quo или проблем/прашање кое треба да се адресира</td><td colspan="4">Информации за јавните набавки што ги објавуваат договорните органи се објавуваат преку и се во функција на Електронскиот систем за јавни набавки како единствен електронски систем преку кои се спроведуваат јавните набавки. Ретко која институција објавува какви и да е дополнителни информации за јавните набавки, во насока на (поголема)транспарентност на своите веб страници или на некое друго место и начин. Потреба од изработка на минимум стандарди кои треба да бидат објавени на интернет страните на договорните органи.<br>Публикување на буџетски документи во затворен pdf формат и ограничување на можност за користење на буџетските податоци од страна на јавноста.<br>Необјавување на наративно објаснување на реализацијата на здравствените програми</td></tr>
<tr><td colspan="2">Главна цел</td><td colspan="4">Унапредување на фискална транспарентност</td></tr>
<tr><td colspan="2">На која од главните цели на ОВП овој приоритет и припаѓа</td><td colspan="4">Ефикасно управување со јавните ресурси (фискална транспарентност)</td></tr>
<tr><td colspan="2" rowspan="2">Релевантно е за:</td><td>Транспарентност</td><td>Отчетност</td><td colspan="2">Учество на јавноста</td></tr>
<tr><td>✔</td><td>✔</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="3">Проверливи и мерливи мерки за исполнување на целта</td><td>Нова или постојна заложба</td><td>Почеток на активноста</td><td>Крај на активноста</td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. Спроведување на инцијативата за отворен буџет<br>a. Министерството за финансии секоја година на својата интернет страница го објавува Буџетот на Република Македонија и евентуалните Измени и дополнувања на Буџетот на Република Македонија во отворен формат;<br>b. Министерството за финансии ќе подготви и на својата интернет страница ќе објави Граѓански Буџет по донесувањето на Буџетот на Република Македонија за соодветната фискална година;<br>c. Министерството за здравство ќе ја разгледа можноста за објавување на реализацијата на здравствените програми (финансиски и наративно) | ПОСТОЈНА<br>НОВА<br>НОВА | По донесување на Буџетот/Ребалансот<br>По донесување на Буџетот<br>2014 | Континуирано<br>2016 |
| 2. Јавни набавки<br>a. Препорака за објавување на годишните планови за јавни набавки, склучените договори за јавни набавки и известувањата за реализиран договор за јавна набавка;<br>b. Изработка и примена на стандарди за транспарентност со листа на минимум информации што треба да ги објавува секоја институција која спроведува јавни набавки за да се обезбеди одредено ниво на транспарентност согласност добрите практики, на интернет страните на договорните органи. | НОВА<br>НОВА | Континуирано<br>2015 | 2016 |
| 3. Странска помош и странски инвестиции<br>a. Објавување на документи за странски инвестиции во Република Македонија (Агенција за странски инвестиции);<br>b. Објавување на податоци за добиена и планирана странска помош (Билатерална помош и ЕУ фондови, Секретаријат за европски прашања) | ПОСТОЈНА | 2014<br>2014 | 2016<br>2016 |

| **6. Отвореност на локално ниво** | | |
|---|---|---|
| Надлежна институција | | Министерство за локална самоуправа |
| Други вклучени | Институции | Општини, Комисија за слободен пристап до информации од јавен карактер, Дирекција за заштита на лични податоци, Министерство за информатичко општество и администрација, други министерства, други надлежни државни органи и институции |

<table>
<tr><td></td><td>Граѓанско општество, приватен сектор</td><td colspan="4">Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија - ЗЕЛС<br>УНДП-<br>Граѓански организации: Центар за граѓански комуникации (ЦГК), Центар за истражување и креирање на полики (ЦИКП), Здружение за развој на ромската заедница во Република Македонија (СУМНАЛ), Центар за европски развој и интеграција - Битола (ЦЕРИ), Едукативно-хуманитарна организација-Штип (ЕХО-Штип), Грин Пауер-Велес, Институт за економски стратегии и меѓународни односи Охрид, Скопје, Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)<br>Месни заедници<br>КСР – Единица за координација на Форумите<br>ИКТ факултети, институти и истражувачки центри<br>ИКТ субјекти од приватниот сектор</td></tr>
<tr><td colspan="2">Statusquoили проблем/прашање кое треба да се адресира</td><td colspan="4">1. Недоволно капацитети на локално ниво за примена на механизми за проактивна комуникацоија со граѓаните<br>2. Ограничени сознанија на јавноста за бројот на локални услуги, процесот на подготовка на локалните услуги и опфатот на население за секоја специфична услуга на територијата на единицата на локалната самоуправа<br>3. Ограничени можности и мала мотивација на граѓаните за изразување на нивното мислење и идеи за подобрување на локалните услуги и воопшто на квалитетот на живеење на локално ниво.<br>4. Голем но неискористен потенцијал за трансформирање на дел од локалните услуги во е-услуги<br>5. Недостаток на процедури и институционални механизми за спроведување на процес на консултација на граѓаните</td></tr>
<tr><td colspan="2">Главна цел</td><td colspan="4">1. Создавање на капацитети и воведување на нови форми на проактвна комуникација на општината со граѓаните<br>2. Воспоставување на електронска платформа (dashboard) со показатели (индикатори) за испорачувањето на една или повеќе локални услуги<br>3. Воспоставување на институционални форми на соработка на локалните власти со граѓаните (ГО)<br>4. Трансформирање на дел од локалните услуги во е-услуги, зголемување на ефикасноста и ефективноста на подготовката и на испораката до крајните корисници и зголемување на опфатот на корисници на е-услуги.<br>5. Воведување процедури и нови алатки за спроведување на задолжителен процес на консултација на граѓаните</td></tr>
<tr><td colspan="2">На која од главните цели на ОВП овој приоритет и припаѓа</td><td colspan="4">Отвореност на локално ниво</td></tr>
<tr><td colspan="2" rowspan="2">Релевантно е за:</td><td>Транспарентност</td><td>Отчетност</td><td colspan="2">Учество на јавноста</td></tr>
<tr><td>✔</td><td>✔</td><td colspan="2">✔</td></tr>
<tr><td colspan="3">Проверливи и мерливи мерки за исполнување на целта</td><td>Нова или постојна заложба</td><td>Почеток на активноста</td><td>Крај на активноста</td></tr>
<tr><td colspan="3">1. Развој на капацитети на локално ниво за примена на механизми за проактивна комуникација со</td><td>ПОСТОЈНА</td><td>2014</td><td>2016</td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| граѓаните<br>a. Оценка на капацитетите на општините за обезбедување на проактивна комуникација со граѓаните<br>b. Подготовка на Програма за зајакнување на капацитетите на општините<br>c. Подготовка и спроведување на обука за обучувачи<br>d. Подготовка на курикулум и материјали за обука<br>e. Спроведување на Програмата и Планот за обуки | | | |
| 2. Воспоставување на електронска платформа (dashboard) со показатели (индикатори) за буџетот и испорачувањето на локални услуги<br>a. Селекција на пилот единици на локална самоуправа, области од локална надлежност и локални услуги во соодветната област<br>b. Анализа на достапна локална статистика, релевантни документи и легислатива и идентификување на формалната и административна рамка за водење на процесот за подготовка на прототип на електронска платформа<br>c. Подготовка на релевантни показатели за буџетот на општината (Граѓански буџет-буџетска алокација по буџетски корисник и други показатели) и објавување на Предлог буџет, Буџетот и Статус на реализација на Буџетот.<br>d. Подготовка на листа на релевантни показатели за локалните услуги<br>e. Организирање на партиципативен процес<br>f. Анализа и мапирање на клучни засегнати страни – чинители за секоја услуга и подготовка на План за нивно инволвирање<br>g. Заедничко (со засегнатите страни) дизајнирање на прототип на електронска платформа (dashboard) со показатели (индикатори) за испорачувањето на една или повеќе локални услуги<br>h. Подготовка на кориснички Прирачник и Прирачник за одржување на платформата<br>i. Поддршка за процес на социјална ревизија од страна на граѓаните и нивните здруженија заснован на објавените и континуирано ажурирани податоци | НОВА | 2014 | 2016 |
| 3. Подобрување на локалните услуги преку директна соработка со граѓаните<br>a. Подготовка на Програма за надградба и реплицирање на добрите практики (форуми во заедниците) и поддршка за воспоставување на иновативни практики (микро граѓански лаборатории и сл.) | ПОСТОЈНА | 2014 | 2016 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| b. Поддршка на иницијативите генерирани од страна на граѓаните низ процес на соработка<br>c. Евалуација на постигнатите резултати. Изработка на клаузула за стандардна транспарентност на институциите на локално ниво.<br>d. Реплицирање на моделот во други единици на локалната самоуправа<br>e. Подготовка на модел на општински интерен акт за транспарентност (листа на информации и податоци што треба јавно да се објават и начинот на кој тоа треба да се направи за да се осигури минимум транспарентност, пример: најава на дневен ред на седниците на Советите на општините; список на финансиски поддржани граѓански организации со износ на доделени средства, краток опис на поддржаната активност, цел на проектот, завршен извештај и сл.) | | | |
| 4. Трансформирање на дел од локалните услуги во е-услуги<br>a. Анализа на можностите за трансформација на дел од локалните услуги во е-услуги.<br>b. Подготвка на критериуми и создавање на листа на приоритетни услуги за трансформирање во е-услуги.<br>c. Дизајнирање на интерактивни веб решенија.<br>d. Евалуација на степенот на ефикасност и ефективност во поглед на подготовката и испораката на услугите од квантитативен и квалитативен аспект.<br>e. Анализа на степенот на искористување на постоечките можности на мобилната телефонија и бројот на корисници на овие услуги за подобар пристап до информации и користење на локалните услуги<br>f. Анализа на локални услуги кои како целина или нивни сегменти можат да бидат испорачани преку развој и примена на соодветни апликации<br>g. Програма за развој на приоритетни апликации за мобилни телефони поврзани со локалните услуги<br>h. Евалуација на степенот на искористеност на локалните услуги преку развиените апликации | ПОСТОЈНА | 2014 | 2016 |
| 5. Партиципативно креирање политики на локално ниво- Задолжително спроведување на консултативен процес со граѓаните за донесување/измена на најважните акти и документи во единиците на локалната самоуправа (буџет, стратегии, урбанистички планови, статут)<br>a. Подготвка на модел на интерен акт за спроведување на консултативен процес и креирање и примена на информатички алатки<br>b. Промоција на Граѓанските организации како олеснувачи на консултативен процес | ПОСТОЈНА | 2014 | 2016 |

| 7. Подобрени услуги и заштита на потрошувачи и граѓани корисници на услуги и права | | |
|---|---|---|
| Надлежна институција | | 1. Совет за заштита на потрошувачи на Владата на РМ и Организација на потрошувачите на Македонија<br>2. Министерство за животна средина и просторно планирање<br>3. Министерство за образование и наука |
| Други вклучени | Институции | Совет за заштита на потрошувачите на Владата на РМ во кој членуваат: Министерството за економија, Министерството за здравство – Државен санитарен и здравствен инспекторат, Министерство за образование – Биро за развој на образованието, Агенција за храна и ветеринарство, Министерството за финансии, Министерство за транспорт и врски, Организација на потрошувачите на Македонија, Стопанските комори. По реструктуирањето на Советот, ќе бидат вклучени и, Државен пазарен инспекторат, Агенција за електронски комуникации и Министерството за труд и социјална политика. |
| | Граѓанско општество, приватен сектор | 1. Организација на потрошувачите на Македонија<br>2. Полио плус – Движење против хендикеп<br>3. Здружение на граѓани Интернет Хотлајн Провајдер Македонија<br>4. Организација на жени на Општина Свети Николе<br>5. Граѓански организации - НВО, членки на ДЕМ |
| Status quo или проблем/прашање кое треба да се адресира | | 1. Недоволна информираност за основни права на потрошувачите согласно Законот за заштита на потрошувачите, Законот за безбедност на производите и други специфични закони согласно проблематиката која ги засега потрошувачите, особено во доменот на јавни услуги кои им се нудат на потрошувачите, заштита на животна средина, ИКТ услугите; безбедноста на храната и правилната исхрана; заштеда на енергија и промоција на обновливи извори на енергија; домувањето, заштита на лични податоци; правата на пациентите, финансиските услуги<br>2. Неинклузивно основно и средно образование во РМ за лицата со хендикеп, спротивно на Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп на ООН<br>3. Неосновање на центарот за побезбеден интернет согласно Акционен план за превенција и справување со нелегални активности и содржини преку Информатички и комуникациски технологии (ИКТ) и заштита на децата и младите на истите<br>4. Недоследна имплементација на Програмата за рано откривање и спречување на болеста на репродуктивните органи кај жените во Р.М.<br>5. Недоволна информираност за основни обврски на граѓаните за чување на животната средина |
| Главна цел | | 1. Заштита на правата на потрошувачите во сите области идентификувани како приоритетни<br>2. Инклузивно образование за децата со хендикеп<br>3. Функционален Центар за побезбеден интернет |

<table>
<tr><td></td><td colspan="4">4. Придонес кон подобра имплементација и практична примена на програмата за рано откривање и зголемена координација помеѓу вклучените чинители во истата</td></tr>
<tr><td>На која од главните цели на ОВП овој приоритет и припаѓа</td><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td rowspan="2">Релевантно е за:</td><td>Транспарентност</td><td>Отчетност</td><td colspan="2">Учество на јавноста</td></tr>
<tr><td>✔</td><td></td><td colspan="2">✔</td></tr>
<tr><td colspan="2">Проверливи и мерливи мерки за исполнување на целта</td><td>Нова или постојна заложба</td><td>Почеток на активноста</td><td>Крај на активноста</td></tr>
<tr><td colspan="2">1. Зголемување на одговорноста и промовирање на концептот на информирани потрошувачи и граѓани корисници на услуги и права преку:<br>a. Спроведени таргетирани кампањи за подигање на свеста на граѓаните во поодделните домени на заштита на потрошувачите<br>b. Значително зголемена поддршка на граѓанскиот сектор кој работи во домен на едукација, советување и информирање на потрошувачите (го вклучува и задолжителното образование)<br>c. Одржани редовни седници на Советот на потрошувачите на Владата на РМ по конституирањето на новиот состав и јавно објавување на заклучоците и препораките<br>d. Одржани работилници со сите заинтересирани страни заради согледување на релизацијата на законската регулатива и потребата од дорегулирање Одржани средби со постојните и новоформираните Совети на потрошувачи на ниво на локална самоуправа заради соработка во едукација, информирање и советување на граѓаните<br>e. Одржани средби со постојните и новоформираните Совети на потрошувачи на ниво на локална самоуправа заради соработка во едукација, информирање и советување на граѓаните</td><td>НОВА</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">2. Објавување на резултатите од проектите за евалуација на јавната администрација<br>a. Месечни прегледи по институции/подрачни единици – преглед на бројот на гласови по вработени.</td><td>ПОСТОЈНА</td><td>2014</td><td>2016</td></tr>
<tr><td colspan="2">3. Инклузивно основно и средно образование за лицата со хендикеп<br>a. Доставување прелози и анализи до МОН во која насока треба да одат предложените законски измени (ПОЛИО Плус и други чинители)</td><td>НОВА</td><td>Јуни 2014</td><td>Сеп. 2014</td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| b. Анализа на добиените предлози (МОН)<br>c. Анализа за потребата од измена и дополнување на Законот за основно и Законот за средно образование и отпочнување на процесот со јавни консултации (по утврдена потреба од законските измени) | | Септември 2014<br><br>Ноември 2014 | Ноември 2014<br><br>2015 |
| 4. Спроведување активности на Центарот за побезбеден интернет согласно Акциониот план (Inhope Македонија) | НОВА | 2014 | 2016 |
| 5. Анализа на резултатите добиени од теренско истражување на национално ниво за спроведување на програмата (ОЖО Св. Николе)<br>a. Мониторинг на спроведување на програмата<br>b. Истражување за согледување на проблемите и потребите при имплементација на програмата<br>c. Лобирање до МЗ и други релевантни институции за прифаќање на конкретни промени добиени од истражувањето и нивно вклучување во Програмата за наредната година | НОВА | 2014 | 2016 |
| 6. Информирање на жените за правата и услугите кои им се достапни со Програмата (ОЖО Св. Николе)<br>a. Информативна кампања (дистрибуција на брошури, флаери, одржување на трибини, медиумска промоција и др.) | НОВА | 2014 | 2016 |
| 7. Зголемување на одговорностите и промовирање на концептот на заштита на животна средина (ДЕМ - ЕД Треска, Македонски Брод и други чинители):<br>a. Информативна кампања (дистрибуција на брошури, флаери, одржување на трибини, медиумска промоција и др) и едукативни активности на теми:<br>• вода<br>• воздух<br>• отпад<br>• шуми<br>• здрава храна + ЗАКОН<br>b. Доставување прелози и анализи до МЖСПП за законски измени (ДЕМ - ЕД Треска, Македонски Брод и други чинители):<br>c. Анализа на добиените предлози и анализи од страна на МЖСПП и отпочнување на процесот на законски измени со јавни консултации (по утврдената потреба) | НОВА | 2014 | 2016 |